# ЛАФ - МУАБЕТ



Џеси Меткалф важи за еден од најзгодните ергени ширум светот. "Градинарот" од "Очајни домаќинки" веќе подолго време се забавува со ѕвездата од "Girls Aloud", Надин Којл.





Девојките ширум светот можат да здивнат. Згодниот тексашанец Метју Меконахи конечно е сингл. Од неодамна тој раскина со својата долгогодишна љубов, шпанската убавица Пенелопе Круз.

Подзаборавениот актер Стефан Дорф своето слободно време го минува на плажата во Малибу. На времето овој згоден актер беше поврзуван со атрактивната Памела Андерсон, а од неодамна го врзуваат со уште еден член од "Girls Aloud", Сара Хардинг.

## НАЈЗГОДНИТЕ МОМЧИЊА ЗА ЛЕТО 2006




Веќе долго време принцот Андреа Казараги е на врвот на листата на најпосакувани ергени. Со својата кралска крв тој е уште поатрактивен за понежниот пол, иако сега срцето му е резервирано за неговата девојка Татиана Санто Доминго.





Иако тврди дека нема време за девојки, тоа не го спречи пејачот Дејвид Крег да се појави со убави девојки на неодамнешното патување во Сент Тропе.

Подготвила:
**Ружица САМОКОВЛИЈА БАРУХ**